УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Ангажирање на експерт за ПР и стратешки комуникации

Договор за партнерски грант – ЦМ- ПГ-2 со број: 0307-193/1 од 25.12.2025 г. и Анекс со број: 0307 – 63/1 од 22.05.2026 г.

1. За Младинската асоцијација ИМКА Битола

Младинската асоцијација ИМКА Битола е непрофитна, граѓанска, нерелигиозна, инклузивна организација која нуди можности за младите и активно работи со нив. Во Македонија ИМКА почна со работа во 1999, а во Битола во 2002 година и врши активности во главно на локално ниво. ИМКА е дел од Светската ИМКА која е распространета во 119 земји и вклучува повеќе од 58 милиони луѓе.

Мисијата на ИМКА Битола е да ги поттикне младите луѓе и да работи на развивање на нивниот вроден потенцијал преку обезбедување на вештини и знаења неопходни за да станат активни лидери во нивните заедници. Ова се реализира преку искуствено образование градејќи академски и социјални вештини.

Визијата на ИМКА Битола е зајакната младина која предводи и инспирира промени, поттикнува инклузивни заедници вкоренети во почит, развој и посветеност на одржлив социјален импакт.

Работат и на полето на неформалното образование за млади обезбедувајќи програми за **личен раст и кариерен развој на младите**, поддршка на младите во процесите на донесување одлуки, промовирање младински активизам, волонтирање, здрави навики и градење општество кое поттикнува позитивни вредности и однесувања кај младите луѓе. Поточно, опсегот на работа и придонес кон заедницата е во две области:

Младинска работа (кампови, врснички школи, курсеви за дигитално образование и локални и меѓународни обуки во областа на личен и кариерен развој, ментално здравје, мировна едукација, лидерство, младинско учество, волонтирање и зелена агенда) и

Придонес во заедницата (придонес во подобрување на законите, стратегиите и политиките во областа на младите, младинската работа и младинското учество, како и во областа на филантропијата/добротворството, општествената одговорност и волонтирањето).

2. За проектот „Промени за одржливост“

Проектот „Промени за одржливост“ е насочен кон подобрување на финансиската одржливост на граѓанските организации (ГО) во Северна Македонија преку унапредување на законската и институционалната рамка, намалување на административните бариери и поттикнување на домашното финансирање на граѓанскиот сектор. Проектот го спроведуваат Здружение Конект и Младинската асоцијација ИМКА Битола. Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Проектот произлегува од потребата да се одговори на еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат граѓанските организации, а тоа е финансиската одржливост. Со намалувањето на странската донаторска поддршка и ограничените можности за јавно финансирање, граѓанските организации имаат потреба од подобри услови за привлекување средства од граѓаните, компаниите и другите локални извори. Истовремено, дел од постојните законски решенија и финансиски регулативи создаваат дополнителни потешкотии при работењето на организациите. Проектот има за цел да иницира системски промени кои ќе овозможат поодржлив, поотпорен и поактивен граѓански сектор.

Главна цел: Подобрување на политиките за финансиска одржливост на граѓанските организации, преку создавање поповолна средина за донирање, подобрен пристап до финансиски услуги и зајакната соработка помеѓу граѓанскиот сектор, институциите и финансиските институции. Проектот се стреми кон системски промени кои долгорочно ќе придонесат за поголема финансиска стабилност и независност на граѓанските организации.

Целни групи:

- Граѓански организации од целата држава, особено помалите и локалните организации надвор од Скопје;
- Членките на Мрежата за финансиска одржливост на ГО;
- Министерството за правда, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и други релевантни институции;
- Управата за финансиско разузнавање и Народната банка;
- Банки и финансиските институции;
- Компании и граѓани како потенцијални донатори;
- Медиуми и поширокатa јавност.

Специфични цели:

- Подобрување на системот за користење даночни поттикнувања за донации кон граѓанските организации, преку измени на Законот за донации и спонзорства и поедноставување на процедурите за донаторите.

- Намалување на бариерите за пристап до финансиски услуги кои произлегуваат од регулативите за спречување перење пари и финансирање тероризам, преку подобра координација помеѓу институциите, банките и граѓанските организации.

- Зајакнување на улогата на Мрежата за финансиска одржливост на ГО, како механизам за заедничко застапување и претставување на интересите на организациите пред носителите на одлуки.

Очекувани резултати:

- Предлозите и препораките на граѓанските организации да бидат вградени во измените на Законот за донации и спонзорства и сродната регулатива;

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас

- Да се воспостави функционален меѓусекторски механизам преку кој ќе се подобри пристапот на граѓанските организации до финансиски услуги;
- Да се намалат административните и практичните пречки при користење банкарски услуги и прием на донации;
- Да се зголеми соработката и довербата помеѓу граѓанските организации, институциите и банките;
- Да се зајакне и прошири Мрежата за финансиска одржливост на ГО, со најмалку 20% повеќе членки и поголемо учество на организации од внатрешноста на државата;
- Да се создадат услови за долгорочно и координирано застапување за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор.

Клучни активности:

1. Измени за повеќе донации во граѓанските организации

- Средби за застапување со институции;
- Техничка поддршка за измени на Законот за донации и спонзорства во јавни дејности;
- Консултации со засегнати страни;
- Подготовка на студии на случаи;
- Организација на јавна расправа;
- Подготовка на нацрт-законски решенија.

2. Подобрување на пристапот до финансиски услуги за ГО

- Организирање меѓусекторски дијалог помеѓу ГО, банки и институции;
- Обуки за примена на меѓународните стандарди (FATF);
- Обуки за банки за работа со граѓански организации;
- Обуки за ГО за намалување на ризици и зголемување на транспарентноста;
- Организација на национален форум за дијалог;
- Подготовка на препораки и материјали за застапување.

3. Зајакнување на Мрежата за финансиска одржливост

- Проширување на членството и подобрување на комуникацијата;
- Консултативни состаноци со организации и институции;
- Организација на настани за вмрежување и застапување;
- Подготовка на заеднички аргументи и препораки;
- Медиумски и јавни кампањи за поддршка на реформите.

3. Информации за ангажманот

Во рамки на проектот „Промени за одржливост“, предвидено е спроведување на активности за застапување преку медиуми и јавност со цел поддршка на процесите за подобрување на финансиската одржливост на граѓанските организации, унапредување на законската рамка за донации и спонзорства, намалување на бариерите за пристап до финансиски услуги и зајакнување на улогата на Мрежата за финансиска одржливост на граѓанските организации.

КОНЕКТ ymca CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC
Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас

Проектните резултати, препораки, анализи, застапувачки материјали и иницијативи ќе бидат комуницирани кон граѓанските организации, националните и локалните институции, финансиските институции, деловниот сектор, медиумите и поширокаата јавност. Комуникацискиот пристап ќе биде насочен кон зголемување на јавната видливост на проектните активности, поддршка на застапувачките процеси, информирање за предложените законски и политички промени и промовирање на значењето на финансиски одржлив граѓански сектор.

За таа цел потребен е ангажман на експерт за ПР и стратешки комуникации за обезбедување консултантски услуги во областа на комуникациите, медиумите и јавното застапување. Експертот ќе биде одговорен за подготовка и спроведување на комуникациски активности поврзани со проектот, развој на комуникациски и медиумски пристап за поддршка на застапувањето, подготовка на комуникациски планови и клучни пораки, како и поддршка во подготовка на комуникациски производи и содржини за различни целни публики.

Задачи за експертот/ката

I Разработка на комуникациски план и план за кампања

- Преглед на проектната документација, проектните резултати, анализи, студии, препораки и застапувачки материјали;
- Дефинирање на комуникациските цели во согласност со целите на проектот и застапувачките процеси;
- Идентификување на целните публики (граѓански организации, институции, банки и финансиски институции, компании, медиуми и поширока јавност);
- Дефинирање на клучни пораки поврзани со финансиската одржливост на граѓанските организации, потребата од законски измени и придобивките од подобрен пристап до финансиски услуги;
- Подготовка на комуникациски план и календар за кампања на социјалните медиуми;
- Подготовка на предлог-план за најмалку 30 објави во различни формати (текст, графика, фотографија, цитати, кратки видео содржини, лични приказни и сведоштва);
- Идентификување на соодветни канали за комуникација и промоција на содржините.

II Подготовка, преглед и насоки за содржина на објави

- Подготовка на текстуални содржини за најмалку 30 објави на социјални медиуми;
- Подготовка на насоки и препораки за визуелни материјали и креативни решенија;
- Развивање на содржини базирани на пристапот на раскажување приказни (storytelling), кои ќе ја прикажат улогата на граѓанските организации и значењето на финансиската одржливост за нивната работа;
- Подготовка на содржини за потртебите од измените на Законот за донации и спонзорства и како тие ќе придонесат за поголема одржливост на граѓанските организации;
- Давање препораки за подготовка на видео приказни, лични сведоштва и изјави од членки на Мрежата, со посебен фокус на организации надвор од Скопје и жени лидерки во граѓанскиот сектор;
- Подготовка на документ со редослед на објави, препорачана динамика и комуникациски насоки за секоја содржина;

- Обезбедување усогласеност со комуникациските стандарди и правилата за видливост на Цивика Мобилитас.

III Подготовка на кампањи и медиумска промоција

- Подготовка на концепт за кампања на социјалните медиуми за промоција на проектните резултати и застапувачките иницијативи;
- Подготовка на концепт за кампања за зголемување на видливоста и проширување на членството на Мрежата за финансиска одржливост на ГО;
- Подготовка на предлози за најмалку 5 новинарски стории, интервјуа, изјави и други медиумски содржини;
- Давање препораки за медиумска промоција, таргетирање и спонзорирање на содржините на социјалните медиуми;
- Поддршка во воспоставување и одржување соработка со медиуми и други релевантни чинители;
- Обезбедување советодавни услуги за подобрување на видливоста и досегот на проектните активности и резултати.

IV Координација и известување

- Редовна координација со проектниот тим;
- Учество на работни состаноци по потреба;
- Доставување на финални верзии од сите договорени продукти;
- Подготовка на краток завршен извештај за реализираните активности и испорачаните продукти.

4. Очекувани резултати

- Подготвен комуникациски план и календар за кампања;
- Подготвен план за најмалку 30 објави за социјални медиуми;
- Подготвени текстови за објави и препораки за визуелни материјали;
- Изработен документ со редослед на објави и комуникациски насоки;
- Подготвен концепт за кампања на социјални медиуми за промоција на проектните резултати;
- Подготвен концепт за кампања за проширување на членството на Мрежата за финансиска одржливост на ГО;
- Подготвени предлози за најмалку 5 новинарски стории, интервјуа, медиумски настапи и storytelling содржини;
- Подготвени препораки за таргетирање, промоција и спонзорирање на објавите;
- Обезбедена стратешка комуникациска поддршка за промоција на законските измени и нивното значење за долгорочната одржливост на граѓанските организации.
- Подготовен краток завршен извештај (до две страни) за реализираните активности и испорачаните продукти.

5. Временска рамка

Ангажманот е планирано да се реализира до 30.11.2026 година.

6. Расположив буџет

Максималниот буџет на располагање за целиот ангажман е 187.500 денари за ангажман од 15 (петнаесет) денови.

7. Услови за ангажирање на експерт/ка

За подготовка на комуникациската кампања и содржини за медиумска промоција потребен е експерт кои ги исполнува следниве општи услови:

- Универзитетска диплома од областа на општествените науки, комуникации, новинарство, менаџмент, маркетинг, односи со јавност или сродни области.
- Најмалку три (3) години искуство во развој и спроведување на кампањи, креирање комуникациски стратегии и планови, искуство во соработка со бизниси и граѓански сектор.
- Искуството во областа на комуникации, социјални медиуми, и/или маркетинг е задолжително.
- Одлични комуникациски и презентациски вештини, проактивност и висока исполнителност.

8. Начин на пријавување

Понудата треба да ги содржи следниве информации:

- Финансиска понуда (документ во прилог, анекс 1);
- Предлог методологија (формулар даден во прилог, анекс 2);
- Стручна биографија на експертот/ката за комуникации со референци;
- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност (документ во прилог, анекс 3);

9. Евалуација

Нецелосните пријави и пријавите пристигнати по крајниот рок нема да бидат разгледувани. Изборот на најсоодветниот понудувач ќе се врши врз основа на критериумот најниска цена за најдобар квалитет.

10. Известување за сработеното

Експертот е должен да достави краток извештај за сработеното, како и евиденција на работни часови за сработеното (time sheet), во еден оригинал на македонски јазик по завршување на ангажманот и тоа да ја достави заедно со финалните верзии на документите.

Понудата се доставува по електронски пат на мејлот contact@ymca.mk (и мејлот konekt@konekt.org.mk во СС) или во затворен коверт во архивата на Младинска асоцијација ИМКА Битола (ул.Крушево, бр.5 7000 Битола, С. Македонија).

Понудата треба да се достави најдоцна до 13.08.2026 година (четврток) до 17 часот.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас